**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС
# ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+
# АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ
# за академската 2023/2024година

Во рамки на програмата ЕРАЗМУС+К103 на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" распишува конкурс за доделување стипендии застуденти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ.

Право на пријавување имаат само редовни студенти со завршена прва година на студии.

**Времетраење на мобилноста за студенти:** еден семестар (летен семестар).
Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и ЕУ универзитетите. (**Види листа на Еразмус+ договори**)

**1. Потребни документи за мобилност на студенти:**

Сите документи за аплицирање се достапни на интернет-страната на Универзитетот Меѓународна соработка- ERASMUS+или интернет-странатана факултетот:

- пополнет формулар за пријавување (**Student Application Form**);
- договор за студирање (**Learning Agreement**) во кој се утврдува програмата за студирање, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниотфакултет/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство(минимум 20 ЕКТС- максимум 30ЕКТС);
- уверение за положени испити на македонски јазик;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата на ЕУ универзитетот издадена од признат центар/школа за странски јазици;
- уверение за редовен студент- запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (**Europass model**).

Висината на стипендијата за студентите изнесува 550-600 ЕУР месечно, согласно земјата во која се престојува (*Види листа на интернет-страната на Универзитетот)*.

Патните трошоци и здравственото осигурување ги покриваат лично студентите.

**Селекцијата/рангирањето на кандидатите ја прави факултетот согласно со утврдените критериуми: академскиот успех, познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата, мотивација.**

При одлучувањето, предност ќе имаат кандидатите кои аплицираат за првпат и досега не користеле Еразмус+ стипендија.

Кандидатите лично ја поднесуваат апликацијата **во три примерока** до Еразмус+ координаторотна факултетот каде студираат, најдоцна **до 5 октомври 2023.**

*(Еден примерок за Еразмус+ корординаторот, еден примерок задржува студентот и еден примерок се доставува до Ректоратот на УКИМ)*

(**Види листа на Еразмус+ координатори по факултети**).

Краен рок за поднесување на **рангираните апликации** од страна на факултетите до Ректоратот е **12 октомври 2023.**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**